ДО
Кирил Чапов
ул.„22-ри Октомври„ бр.10-1/14
Р а д о в и ш

Предмет: Одговор по барање ваш арх. бр. нема од 13.07.2015 година
наш бр. 35-1344/1 од 13.07.2015 година

Во врска со вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, кој се состои од две подбарања за:

1. Доставување на одобрен проект за изведена состојба за станбено-деловниот објект „ДИВА„ на ул.„22-ри Октомври бр.10 во Радовиш; и
2. Доставување на Извештајот од надзорниот инженер за извршениот технички преглед на овој станбен објект, ве известуваме следното:

Барањето беше разгледано и постапено:

1. Барањето **се одбива** во т.1-доставување на проектот за изведена состојба за станбено деловниот објект „ДИВА„ на ул.„22-ри Октомври бр.10 во Радовиш;
2. Барањето **се одбива** од т.2-доставување на извештајот од надзорниот инженер за извршениот технички преглед на овој станбен објект .

Во прилог: -Решение за одбивање пристап до информација од јавен карактер

Изготвил:Оливера Долдурова
Одобрил: Александар Иванов

Имател на информации
во општина Радовиш
Одговорно лице
Градоначалник
Сашко Николов

Република Македонија
Општина Радовиш
број 35-1344/__
дата ___ .07.2015 год.

Радовиш

Врз основа на член 20 став 2 и член 26 став 1 од ЗСПИЈК, (Службен весник на РМ бр. 13/2006, 86/20086/2010 И 42/2014), постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации општина Радовиш, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОДБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот Кирил Чапов со адреса ул. „22-ри Октомври„ бр.10-1/14 Радовиш број 35-1344/1 од 13.07.2015 година, со две подбарања и тоа за доставување на одобрен проект за изведена состојба за станбено-деловниот објект „ДИВА„, на ул.„22-ри Октомври бр.10 во Радовиш и доставување на Извештајот од надзорниот инженер за извршениот технички преглед на на овој станбен објект, СЕ ОДБИВА, поради тоа што содржат лични податоци и подлежат на законска заштита.

Се одбива барањето со двете подбарања за доставување на одобрен проект за изведена состојба за станбено-деловниот објект „ДИВА„, на ул.„22-ри Октомври„ бр.10 во Радовиш и за доставување на извештајот од надзорен инженер за извршен технички прием, бидејќи со таков документ локалната самоуправа не располага.

## О б р а з л о ж е н и е

Имателот на информации утврди дека бараната информација потпаѓа под исклучоците од слободен пристап на информации од јавен карактер врз основа на член 6 став 1 точка 2, 8 и 9 од ЗСПИЈК.

Со бараната информација се заштитува проектот за наведениот објект кој е приватен интелектуален труд, кој е порачан и финансиран од правно или физичко лице и подлежи на законска заштита, согласно Законот за индустриска сопственост, Законот за авторското право и сродните права и Законот за заштита на личните податоци. Имено, без дозвола на лицето кое ги има правата врз тој проект (проектант или инвеститор) неможеме да дадеме слободен пристап до бараната информација, зошто може да се соочиме со одговорност за неовластено давање информации.

Овластените лица кај имателот на информации во општина Радовиш, согласно член 6 став 3 од ЗСПИЈК спроведоа тест на штетност и утврдија дека бараните документи содржат лични податоци заштитени со закон па давањето податоци за овој приватен проект може да предизвика поголема штета кај физичкото и правното лице.

Јавниот интерес кој треба да се постигне, преку барањето, со објавувањето на информацијата  е сознанието на барателот за имотот кој го поседува во зградата и кој му е предмет на интерес.

Сепак, штетните последици врз интересот кој се заштитува со објавувањето на информацијата сметаме дека ќе бидат поголеми од јавниот интерес и како такви треба да бидат заштитени. Доколку постапи по барањето, општината ќе направи прекршување на законската регулатива па како имател на информацијата може и да се соочи со судска постапка и финансиски последици.

Од сето погоренаведено, имателот на информацијата, согласно член 6 став 3 од ЗСПИЈК одлучи како во изреката на решението.

**Упатство за правно средство:**

Барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Жалбата се поднесува преку имателот на информацијата во два примерока. Жалбата може да се изјави и на записник кај имателот на информацијата.

Изготвил: Оливера Долдурова
Одобрил: Александар Иванов

Имател на информација
Одговорно лице
Градоначалник
на општина Радовиш
Сашко Николов